Согласно член 21, 22 и 23 од Законот за работни односи (Сл. весник на Р.Македонија бр. 74/15 ) член 20-г и 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на Р.Македонија бр. 27/16..) член 77-ж од Законот за култура (Сл.весник на Р.Македонија бр. 11/18) член 12 став 2 од Статутот на Националната установа за управување со археолошкиот директорот на Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби - Градско донесе:

Република Северна Македонија
Национална установа за управување со археолошкиот локалитет СТОБИ-Градско
Бр. 04-299/13
22.12.2022 год.
ГРАДСКО

**О Д Л У К А**

**за избор на кандитат по јавен оглас број 2/2022**

1. Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби на ден 21.11.2022 год. објави Јавен оглас број 2/2022 (04-299/3 од 17.11.2022 год.) за вработување на 1 (еден) извршител – давател на јавни услуги во културата на **неопределено време.**

1. За извршител на огласеното слободно работно места се избира:

- За работно место бр.1: **Кустос за римски период со шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 002 – Оддел за музејско – истражувачка дејност**
    - Александар Илиевски

2. По конечноста на Одлуката за избор да се склучи Договор за вработување на неопределено време.

4. Оваа одлука влегува во правна сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение:**

Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби согласно Годишниот план за вработување за 2022 год. како и добиената согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 18-9766/2 од 08.11.2022 год. за вработување на неопределено време, установата објави јавен оглас бр.2/2022 за вработување на 1 (еден) извршител – даватели на јавни услуги во културата. Огласот беше објавен во три дневни весници: Слободен печат, Вечер и Коха.
Комисијата за спроведување на постапката за вработување – Номинација на членови во комисија за вработување бр. 31-12002/2од 12.12.2022 год. од страна на Министерството за култура а во врска со распишаниот јавен оглас, изврши проверка дали пријавените кандидати на Јавниот оглас ги исполнуваат општите и посебните услови за работното место за кое се пријавиле па согласно Правилникот за формата и

содржината на јавниот оглас за пополнување на работно место во Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско преку вработување со бр. 01-264/1 од 31.07.2019 год. усвоен со одлука на Управен одбор со бр. 02-263/4 од 01.08.2019 год. ја спроведи постапката за селекција за вработување која се состои од административна селекција, и проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас, како и спроведување на интервју. Од страна на Комисијата изготвен е Записник од извршена административна селекција со бр. 04-299/6 од 16.12.2022 год., Бодување од извршена административна селекција со бр. 04-299/7 од 16.12.2022 год., Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и спроведено интервју со кандидатите со бр. 04-299/10 од 21.12.2022 год., Листа на кандидати со кои е спроведено интервјуто и освоени бодови на истото со бр.04-299/11 од 21.12.2022 год. како и Конечна ранг листа на кандидати со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција со бр. 04-299/12 од 21.12.2022 год. со која највисоко рангираните кандидати се и предлог за избор на најуспешени кандидати.

Согласно сето ова горенаведено, врз основа на доставените ранг листи кои се предлог за избор на кандидати кои имаат освоено најголем број на бодови, директорот на Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско донесе Одлука за избор на кандидати по јавен оглас бр.2/2022 и со истиот ќе склучи Договори за вработување на неопределено време.

Стоби, 22.12.2022 год.

Директор

Спасе Перовски